РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2771/6
28.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 26 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Зирјета Јајага (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски,.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 26. седница на Советот. Седницата почна во 11:10 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.7.2026 година.

2. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МРТ - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3), за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: превентивно и адаптивно одржување на системот за управување со документи.

5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои Записникот од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.7.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека оваа точка претставува продолжение на јавната седница. Тој истакна дека, иако радиодифузерот повеќе не располага со дозвола за вршење радиодифузна дејност и истата е вратена, согласно законските одредби Советот треба формално да донесе Решение за негово бришење од Регистарот на радиодифузери што го води Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од Регистарот на радиодифузери на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот донесеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точки 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3). Таа информираше дека со редовниот надзор реализиран во јуни 2026 година било констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми, кој се однесува на обврската за објавување импресум. Во повеќе програмски содржини емитувани на 3 јуни 2026 година не биле објавени податоците за импресум, поради што се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок од 20 дена за усогласување на работењето. Јаневска појасни дека во врска со констатираното прекршување била остварена телефонска консултација со медиумот, при што еден од уредниците доставил писмено резиме од разговорот, кое е приложено во материјалите за седницата како изјаснување на радиодифузерот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр. 10-2610/1 од 29.6.2026 година и едногласно заклучи на ЈРП Македонска радиотелевизија – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3) да му изрече мерка јавна опомена, поради прекршување на член 14 од Законот за медиуми и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, на радиодифузерот му се наложува во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена за РП Македонска радиотелевизија – Македонска телевизија – Трет програмски сервис (МРТ3).

Секторот за програмски работи по истекот на рокот за усогласување определен во Решението за мерка јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за спроведување постапка за јавна набавка за услуга – превентивно и адаптивно одржување на системот за управување со документи. Таа појасни дека станува збор за набавка на услуги за одржување на постојниот систем за управување со документи. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2026 година, при што потребните средства за реализација на договорот во втората година ќе бидат обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2027 година, бидејќи договорот ќе се склучи за период од две години. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката ќе започне со објавување оглас на Електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Таа истакна дека сите останати информации и детали во врска со предметната набавка се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да спроведе постапка за јавна набавка за услуга – превентивно и адаптивно одржување на системот за управување со документи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2027 година.

**Точка 5 – Разно**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2026 година на членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Средствата за исплата на регресот се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**